Електродистрибуција ДООЕЛ е компанија чија главна дејност е дистрибуција на електрична енергија во Република Македонија. Компанијата е дел од EVN групацијата.

## КАРИЕРА ВО ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА

За потребите на одделот Високонапонски постројки, Група одржување и трафо менаџмент, бараме:

# ТЕХНИЧАР ЗА ОДРЖУВАЊЕ И ТРАФО МЕНАЏМЕНТ во СТРУМИЦА (М/Ж)

**Работни задачи:**

.

- Редовни инспекции, сервисирања/испитување на ЕТР, ДТР и примарна опрема во големи ТС, отстранување дефекти, замена на опрема, реконструкција на опрема во големи ТС до 110kV
- Подготовка на соодветни извештаи
- Редовна инспекција/сервис на ЕТР, демонтажа и монтажа на ЕТР по потреба и сите други активности поврзани со ЕТР
- Сервис на ДТР во работилница и на терен и сите активности поврзани со ДТР, координација со други Оддели и КЕЦ-ови
- Редовна инспекција/ сервис/испитување/изготвување извештаи/протоколи, замена на примарна опрема во ќелија/поле, замена на останата примарна опрема
- Редовно и термовизиско снимање на опрема во големи ТС и изготвување на извештаи

**Потребни квалификации**

- III-V степен, Електротехничко образование – Енергетика
- Пожелно е да има положен испит за управување со електро-енергетски постројки
- Возачка дозвола В категорија
- Познавање и користење на MS Office
- Одлични комуникациски и организациски вештини
- Способност за спроведување задачи во кратки рокови

Нудиме динамична работна средина, со можност за учење и напредување, нето примања од најмалку 28.400 денари. Доколку сте заинтересирани за работната позиција испратете биографија на jobs.elektrodistribucija@evn.mk најдоцна до 30.01.2020.

**Напомена**: Доколку сакате Вашите податоци да бидат зачувани во нашата база на податоци согласно Законот за заштита на лични податоци, покрај биографијата и мотивациското писмо треба да испратите и изјава за дозвола за користење на лични податоци за потребите за вработување.

Електродистрибуција е компанија која нуди еднакви можности и правичен третман при вработување на сите лица без оглед на нивната раса, пол, религија, национална припадност, вид на попреченост или политичка припадност.

ЕЛЕКТРОДИСТРИБУЦИЈА
ДООЕЛ Скопје
ул.11 Октомври бр.9
Скопје 1000, Македонија
Тел. +389 (2) 3205 300
www.elektrodistribucija.mk
elektrodistribucija@evn.mk

ELEKTRODISTRIBUCIJA
DOOEL Skopje
ul.11 Oktomvri br.9
Skopje 1000, Macedonia
Phone +389 (2) 3205 300
www.elektrodistribucija.mk
elektrodistribucija@evn.mk